## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Седмото продолжение на Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 декември 2005 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,08 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓоргиев, Каролина Ристова, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Теута Арифи, Џезаир Шаќири, Љубчо Георгиевски и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ние сме кај **точката 17 - Предлог на закон за извршување на санкциите**.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 22 за менување на став 3 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање,

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 60 гласале, 18 гласале за, 1 воздржан и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 33, став 3 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман не се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 53, за менување на став 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

За разлика од претходниот амандман, со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 58, за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни, 58 гласале, 11 за амандманот, нема воздржани 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 67, ставови 3 и 4 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 68, став 1 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи, заменик министер за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на членовите 68, ставови 1 и 2, 69, 70 став 2, 71, 72, 73 став 2, 75 став 2, 82 став 1, 149 став 2 точка 9, 362, 364, 365, 366, 367 и на другите членови после кратенката за заменување на зборовите "казнено-поправните установи" со зборот "установите", поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи, заменик министер за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 214 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи, заменик министер за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 215 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Повелете господине Јакупи. вашето мислење?

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 218 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи, заменик министер за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 334 став 3, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи, заменик министер за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

(Пратеникот Аднан Јашари е пријавен за збор)

Поради Новата година господине Аднан Јашари имате попуст кај мене, повелете, имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседателе,

Ќе кажам два-три зборо околу амандманот што е предложен, за кој што ценам дека би требало да биде прифатен од страна на предлагачот, затоа што преку овој амандман, моето настојување било да се усогласи со одредбите од Законот за едношалтерски систем, закон што едно време беше донесен од страна на ова Собрание, а сите знаеме дека влегува во сила од 1 јануари 2006 година.

Се говори за тоа дека по 1 јануари 2006 година во Република Македонија нема да постојат судови за регистрирање, за уписи, затоа што надлежностите на овие органи што се во однос на упис и регистрација, меѓутоа и со реализирање на уставните промени што се предвидува во ставот 3 од членот 134 преминуваат во надлежност на централните регистри.

Оттаму, ценам дека поимот "регистарски суд" е непотребен и над се нема смисла да постои во овој став. Ова била основната причина зошто го поднесов овој амандман.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 гласале, 16 гласале за амандманот, 6 воздржани, 40 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 335 став 1, поднесен од пратеникот Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи, заменик министер за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Повелете господине Јашари.

**Адман Јашари:** Навистина се чудам зошто не се прифаќаат овие амандмани што во суштина се однесуваат на усогласување на терминологијата, но и со усогласување на овој закон со одредбите на други закони.

Уште од 1996 година, со донесување на Законот за трговски друштва, како укинување на трговските друштва не е судска постапка, туку бидејќи тоа не се одбива во судските органи, не го одвива судот за ликвидација, како што се нагласува во ставот 3 од членот 335, оттука не постојат ликвидациони судови. Постојат само судови за стечај. Јас, уште еднаш ќе нагласам дека настојувањето зошто е предложен овој амандман во членот 335 став 1, тој е во однос на овие цели, одредбите на овој закон да се

усогласат со одредбите на Законот за трговски друштва и Законот за стечај.

Уште еднаш повторувам, ликвидационен суд не постои во правниот систем на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 68 присутни, 56 гласале, 14 за амандманот, 7 воздржани, 35 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 357 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман  се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи, заменик министер за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандман на член 362, Законодавно-правната комисија поднесе амандман со иста содржина со амандманот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците. По овие амандмани ќе водиме единствен претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 362 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и по амандманот на член 362 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овои амандмани  се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за правда.

Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 366, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владатга.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Томиќ, повелете.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, поитувани колеги,

Мојата дискусија ќе биде навистина кратка, бидејќи станува збор за втора фаза на донесување на еден исклучително важен закон, а тоа е Законот за извршување на санкции. Првата фаза ја завршивме на 16 септември 2005 година, мошне успешно, со многу забелешки дадени и од страна на колегите пратеници и од колегите од комисиите. Гледам дека во најголем дел се прифатени, меѓутоа, намерно се јавив за збор, не сакам донесување на еден толку важен закон да остане незапазено, да кажам на одреден начин, постојат многу новини и сите знаеме каква ни е состојбата таму.

Една од главните новини, само на три сегменти ќе се задржам, е тоа што сега Дирекцијата за извршување на санкции станува правно лице со многу поголеми овластувања.

Второ, што се воведува судија извршител на кривичните санкции и,

Трета, по мене најбитна новина, што е судот кој е надлежен за местото на извршување на санкциите е сега според живеалиштето на лицето кое е осудено.

Тоа се три многу битни моменти. Со воведување на оние уште две, а тоа е воведување на тренинг центар, како и една засилена грижа спрема лицата кои се осудени, не само што се усогласуваме со европското законодавство, туку одиме и чекор понатаму во подобрување на условите на лицата кои се на извршување на казните затвор и она што моите колеги правници посебно го знаат дека со измените во кривичното законодавство, посебно во Законот за кривична постапка неминовно беше и промената, односно еден нов закон за извршување на кривични санкции.

Во таа смисла, бидејќи се во сите оние можни фази, се усогласени и сите наши размисли и видувања, посебна благодарност сакам да истакнам до сите членови на опозицијата за една голема поддршка што дадоа во изработката на овој закон, меѓутоа сакам да упатам и една јавна критика до одделни средства за јавно информирање, што ниту вчерашниот, ниту денешниот закон не го следат со должно внимание. Носиме системски закон, носиме многу важен закон и Министерството за правда, токму денеска на 29 декември, завршува еден огромен дел од работата. Навистина сите честитки и благодарност до сите мои колеги. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни пратеника, 59 гласале, 59 за, нема воздржан. нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на санкциите.

**Минуваме на 12 точка - Одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија за редовни инвестициони активности на радио програмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазик за 2006 година.**

Новите тексови на Предлогот на одлуката и Финансискиот план и Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Пријавен е еден, генералниот директор на Македонската телевизија.

Повелете.

**Гордана Стошиќ:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господо,

Јас би сакала ако ми дозволите, накусо да дадат едно воведно излагање, образложение за сите 5 точки, бидејќи сите се однесуваат на сервисирањето програмските сервиси од Буџетот на Република Македонија и од Буџетот на Собранието.

Да се потсетиме сите заедно дека Законот за радиодифузија, што на 9 ноември го донесе ова Собрание, направи дистинкција помеѓу она што се јавни и државни функции во радиодифузијата и овие претпрограмски сервиси, чии што финансиски планови ги имаме доставено како Македонската радио телевизија до Собранието на одобрување се дел на она што значи државна стратегија во радиодифузијата, во информирањето кон иселениците, кон странство и петиот програмски сервис, собранискиот канал, со тоа што е сеуште во експериментална фаза, е канал што треба да придонесе за поголема транспарентност во работата на Собранието на Република Македонија.

Плановите што денеска се наоѓаат пред вас, се резултат на внимателно, но истовремено веднаш на почетокот да кажам, мошне амбициозно планирање на програмските сервиси за тоа како на најдобар начин да се заврши задачата утврдена со закон. Поднесувајќи ги ваквите амбициозни планови во Македонската радио телевизија бевме свесни дека тие ќе предизвикаат реакции, колку позитивни, уште повеќе негативни, бидејќи се работи за финансиски планови кои побаруваат ситте пет заедно средства во висина од 2.800.000 евра. А, сите знаеме дека последниве 8 години, како директна последица на неспроведувањето на Законот за радиодифузија и несорибрањето на радиодифузната такаса Македонската радио телевизија вкупно, годишно,цел буџет и се движел од 8,5 до 12 милиони евра и тоа како приход во кој што биле вкалкулирани и сите таканаречени неготовински, туку само статистички приходи. На пример курсна разлика, приход од амортизција од бартер аранжмани со кои што се купуваа прррограми и тн.

Нормално е дека во такви услови сите овие програмски сервиси, 5, заедно со другите редовни, што се дел на јавните функции на Македонската радио телевизија, се реализирале во услови на рестриктивно користење на и онака сиромашните технички ресурси на Македонската радио телевизија.

Оттаму, како последица резултатот односно квалитетот на програмата што се емитувала бил соодветен на можностите. И како што сме нагласувале и порано МРТВ во континуитет прави само програма што може да си ја дозволи, а не програма што би сакала да ја прави.

Овие финансиски планови се резултат на реалните потреби МРТВ на меѓународниот пазар на радио и телевизиски програми конечно да конкурира барем делумно, рамноправно со другите радио телевизиски куќи. Посебно што слушателите и гледачите во странство кон кои впрочем се насочени ваквите програмски сервиси имаат многу повисоки стандарди за квалитетна програма што ја бараат, бидејќи тие се постојани корисници на сервиси што одамна влегле во дигитализација и чии буџети се од 10 до 100 пати повисоки од Буџетот на Македонската радио-телевизија.

Се разбира, и Буџетот на Република Македонија е многу помал од буџетите на нивните земји, па оттаму овие финансики планови сигурно ќе претрпат корекција од ваша страна, како и програмата од страна на програмските сервиси. Но, во МРТВ и покрај тоа што бевме свесни дека ќе има многу прашања, сметавме дека сепак е добро да дадеме реални потреби за финансирање на она што го сметаме за конкурентно во светот. Тоа, накусо, како развој би било: отпочнување на емитување информативни програми на англиски, француски и германски јазик, превод на одделни документарни и културни емисии на истите јазици како порака до земјите на Европската унија.

Исто така создавање програма, конечно би рекла, наменски произведена за целните групи кон кои се насочени програмските сервиси. Наместо, како што тоа сега е случај да се работи главно за реемитување на редовната програма и пополнување на програмските појаси кога на територијата на Македонија се емитуваат странски програми за кои не поседуваме авторски права за сателитско емитување, такви права нема, тие програмски дупки, така ги нарекуваме, се пополнуваат со музика и така наречена редовна програма.

На крај, без оглед на амбициите, би сакала да кажам МРТВ ќе се прилагоди на она што ќе биде утврдено како можности со финансиската рамка. Но, добро е, цениме повторно, ваквиот финансиски план да даде барем генерална насока за тоа што се во иднина и во подобри

времиња ќе треба да се исфинансира од Буџетот и да се реализира од МРТВ. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Господине Михајловски имате збор.

**Јордан Михајловски:** Благодарам, почитуван претседателе, претставници на јавниот сервис, почитувани колеги.

Со оглед на тоа дека се наоѓаат 5 документи пред нас кои се логички поврзани и јас во одбраните зборови што сакам да ги кажам по повод оваа понудена стратегија и финансиски планови како да се оствари стратегијата на јавниот информативен сервис ќе кажам неколку воведни напомени кои ќе се однесуваат на сите делови, со оглед на тоа дека се наоѓаме и пред последна седница во оваа година, па да не се јавуваме конкретно по сите документи, ќе зборувам општо, а акцентот ќе го дадам на собранискиот ТВ канал.

Зошто стратегија? Затоа што се работи за радио програми наменети за соседните земји. Повторувам, се работи за радио програми за нашите иселеници, се работи за сателитскиот радио програмски сервис на МТВ со кој се презентира нашата земја.

Понатаму, сателитскиот програмски сервис за нашите иселеници, многу значајна компонента и петтиот документ е финансискиот план за она што треба ние да го сработиме тука за да го активираме собранискиот ТВ канал.

Се побаруваат над 2 милиони евра. Мислам дека овие пари се реални, прашање дали можеме да ги обезбедиме, меѓутоа се реални за да може овој систем да функционира онака како што ние во документите како основачи го имаме дефинирано.

Што сакам да кажам? Се уште МРТВ - јавниот сервис заостанува зад телевизиите во опкружувањето. Немаме дигитална програма, немаме телетекст, работи под технички стандарди и потреби потребни за една национална телевизија, за еден национален јавен сервис, што е само на штета на нашата држава во смисла на презентирање на сето она што сметаме дека е многу важно да го запознаеме светот со случувањата во нашата земја и со нашата општествена реалност.

Од март воспоставивме собраниски канал, желбата беше да бидеме транспарентни, да го покажеме на јавноста сето она што го работиме тука. Како што велат уметниците со јазикот на уметноста, ние ја направивме првата импресија, ја направивме првата слика за тоа што работиме ние. Дали е тоа доволно? Секако дека не е, со оглед на тоа дека се пренесуваат само седниците од Собранието и се прават информации од седниците на комисиите. Ни од далеку профилот на овој канал не ги задоволува стандардите на еден канал за кој рековме дека треба да има други содржини, да има медиумско дизајнирање, да има спорт, да има култура, се на се да направиме профил на канал кој ќе биде гледан и кој ќе биде прифатен, со оглед на тоа дека сепак овој канал чини.

Во ваква ситуација каква што е сега тој канал работи од 11,00 до 23,00 часот. Што има во него? Ги има собраниските седници, ги има комисиите и некои споровозни емисии од архивата на МТВ од кинотеката што секако не ги задоволува стандардите на едно, така да кажам, дизајнирање на еден канал кој навистина треба да биде канал и да биде гледан, со оглед на тоа дека ние веќе укинавме еден канал.

Претставници на пратеничките групи со претседателот на Собранието и со директорот на МРТВ разговараат за еден концепт како треба да изгледа тој собраниски канал. И позицијата и опозицијата се согласија со тоа дека овој канал треба да добие одбор кој ќе може да го носи програмскиот концепт ако сакаме да направиме канал, мора да има тело. Сите се согласивме во тоа дека тоа собраниско тело треба да има 15 члена, 7 од опозицијата, 7 од позицијата и по автоматизам претседателот на Собранието на Република Македонија да биде претседател на одборот на собранискиот канал со тоа што не ја исклучивме можноста да се повикуваат експерти од надвор по одредени програмски прашања, по дефинирање на одредени програмски прашања за кои не сме стручни и надлежни.

Што значи тоа? Воведување на парламентарна хроника, прашајте го пратеникот, контактна емисија со пратениците, отворено студио, форум, евро парламент, што значи контакти со другите парламенти, портрети на пратеници и да не ги наведувам другите содржини кои се дадени во собранискиот канал кои навистина прават една концепција за канал кој треба да биде слика на она што се случува во Парламентот.

Во вториот дел после 18,00 часот се договараме и тоа е ставено во концептот дека тој канал треба да емитува програма од областа на културата, образованието, науката, музиката, спортот, што значи еден концепт за еден мултикултурен и мултимедијален канал. Мислам дека тоа е наша желба и тој канал треба така да го направиме. За да тој канал профункционира како што треба потребни се, само за негово техничко осмислување и опремување околу 274 илјади евра или вкупниот финансиски план за сето ова што ни се нуди во пакетот е некаде околу 43 милиони денари од кои дел се обезбедува од посебна програма, а 37 милиони треба да ги обезбедиме ние тука од Буџетот.

Жал ми е што бев меѓу ретките кои гласаа за амандманот за финансирање на овој концепт, меѓутоа мислам со ова ја фрламе ракавицата на Министерството за финансии. Јас нема да повикам на доблест на министерот за финансии, ќе повикам на одговорност во однос на она што ние се договараме тука, што значи не ја гледам шансата во ништо друго, туку во ребалансот, а со оглед на тоа што овие одлуки ќе ги донесеме, тоа ќе бидат веќе наши одлуки, тоа ќе биде една обврска со ребалансот на Буџетот, гледам претседателот на Собранието реагира малку, но ќе биде претседател на одборот по автоматизам

на овој канал, барем еден дел да можеме да сработиме оваа година, да можеме салите да ги поврземе, опремата да ја осовремениме за да може овој концепт да функционира. Сметам на тоа дека еден преоден период помина, јас реков во една дискусија дека ние направивме собраниско сираче и мислам дека се уште овој канал така ми личи, меѓутоа, ќе можеме дел по дел, барем еден дел во 2006 година да можеме да извлечеме. Ќе кажам дека овој концепт за кадровско екипирање, со оглед на тоа дека програмата е сложен технолошки процес во кој, покрај простор и опрема и техника се потребни кадри. Концептот претпоставува 25 вработени од кои 7 новинари, 14 во техниката, 4 преведувачи за да може нормално да функционира каналот.

Мислам дека претставниците на пратеничките групи се договорија да не се преземаат овие луѓе да бидат на платен список во Собранието, меѓутоа, останува нашата обврска да дотираме тие луѓе достоинствено да можат да си ја обавуваат работата тука и мислам дека тоа што МРТВ ќе ни го преотстапи, тоа ќе бидат креативци, ќе бидат добри новинари кои ќе можат да го сработат сето тоа што ние како концепт ќе го ставиме пред нив.

Моја заложба е да ги прифатиме сите пет дукументи со финансискиот план и да си земеме една обврска од ребалансот на Буџетот да извлечеме еден максимум, барем еден значаен дел да можеме да покриеме да функционира овој канал. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, Спиро Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги.

Уште во старт јас ќе се согласам само со едно, со колегата во однoст што значи стратегија на јавниот сервис. Но нема да се согласам со нешто друго. Ако Комисијата за транспорт каде што апсолутно без никаква разлика дали некој припаѓа на опозиција или позиција донесе одлуки со кои што донесовме амандмани со кои требаше да се интервенира во Буџетот на Република Македонија и кога ниеден од тие амандмани не е прифатен, јас сега ќе се запрашам. Три и пол години во ова Собрание говориме за Македонското радио телевизија дека треба да дојде до она што го имаат останатите телевизии, значи треба да имаме дигитална техника, треба да се донесат нови студија, да имаме напредок, но сето ова, господа пратеници ние донесовме само една одлука со која што бројот на вработените во Македонската радио-телевизија се намали. И тоа е се што се направи, за жал, затоа што или немаме храброст или пак некој не сака, туку одлуките што ги носи Собранието да ги реализира. Значи, тука апсолутно поинаку јас ги поставувам работите. Собранието како законодавен дом носи закони и Владата е таа што треба извршно да ги направи. Ако Владата чуствува потреба дека нема потреба од собраниски канал, дека нема потреба од овие сите канали, дајте да им кажеме на господата од Македонската телевизија дека едноставно не му се потребни на Република Македонија и што викаме подобро е ужасен крај отколку ужас без крај. И тоа се случува со Македноската телевизија затоа што ние немаме доблести ова што сега го донесовме многу брзо пред месец два говоревме за Законот за радио дифузија дека е нешто што најдобро сме го направиле. Но, морам да ве потсетам сите дека во последен момент ние во тој Закон за радиодифузија воведовме една нова глава за финансирање на Македонската радио-телевизија каде што и тогаш моето мислење беше дека направивме грешка. Грешката многу брзо ќе се види. Од она што значеше наплата од 60-70% што го имаше Македноската телевизија, сега сигурно се сведени на 30-20% со тенденција уште повеќе да се намалува. Затоа што начинот на кој што Македонската телевизија треба да го прави тоа ќе има проблеми. Проблемите се повеќе од очигледни и ние како Собрание требаше да најдеме решение.

Што замерувам за Македонската телевизија директно со овие материјали што ни беа доставени и што неможам едноставно да ги прифатам, затоа што на оваа седница само неколку точки предходно разговаравме за промена во Управниот одвот во Македонската радио-телевизија.

Пред нас имаме два документи. Едниот од 1 декември 2005 година доставување предлог на финансиски план каде што е претседател Дарко Маркович и одма после тоа на 16 декември промена на овој финанскски план повторно со претседателот на Управниот одбор господинот Дарко Макрович. Јас и нeќни кога разговаравме во однос на тие измени се прашувам, бидејќи се работи на Управен одбор промена на три члена, дали и тој Управен одбор ќе стои на оваа програма што Македонската телевизија ни ја нуди нас како на пратеници. Дали ние можеме да застанеме на сето ова, затоа што во оваа втора програма во однос на првата има и јас очекував дека директорката ќе ни објасни, има многу технички предности во основа да ја прифатиме во основа ваква каква што е, или пак тоа е намерно направено, за одредени делови од нив да ги нема или пак ние како пратеници не ги добивме. Ќе ви кажам зошто. Значи, јас господине претседателе би сакал да говорам по петте точки, повеќе нема да се јавувам...

**Љупчо Јордановски:** Да само во рамките на тоа што се понудените текстови, немојте да идете на страна како што сега зборувате за некои два потписа. Во Управниот одбор не е еден човек таму се повеќе.

**Спиро Мавровски:** Да, во ред е. Само ова што го добивме како материјали на 16 декември е потпишан од овој господин што ние го променивме. И во овој финансиски план јас морам да ви кажам дека намалувањето во однос на ова што значи, радио програмите наменети за соседните земји и Европа на странски јазици 2006

година е намален од 14 милиони 535 илјади на 13 милиони 858 илјади. Но, понатаму во финансискиот план за неопходни инвестициони единици за радио програмите наменети за соседните земји и Европа, нема еден цел пасус од негде 21 милион. Дали тоа отпаѓа или пак тука е пропуштено и нема известување што ќе се случи со тој дел. Понатаму, имаме во однос на Предлог на финансискиот план за сателитскиот радио програм каде што од 28 милиони се намалува на 19 милиони и 300. И после тоа скокнуваме повторно на сателитскиот радио програмски сервис наменет за иселениците каде што ги нема 102 милиони 114 илјади. Барем ние го немаме. И во овој дел стои само инвестиции за сателитска радио програма, за кои што е неопходни средства во висина од 4 милиони и 402 илјади. И сега јас ќе ве прашам. Дали е ова конечниот извештеј што вие го доставувате до пратениците, дали има место за корекција и дали мислите дека треба да се корегира. Затоа што ова јас што го имам пред мене се надевам дека и другите колеги пратеници, воопшто не се однесува со она што беше како првобитен извештај, каде што добивме по петте точки што и како е планирано во Македонската телевизија да функционира. Единствено што гледаме е намалувањето на средствата кои се одделени за плати, но затоа придонесите и другите средства остануваат исти. Претпоставувам дека во тоа брзање каде да се најде меѓу простор, се најде меѓу просторот токму во платите и намалувањето на тие средства кои се токму за ова што е договорено.

Можеби во брзањето се направени и други технички грешки за кои не би сакал сега да ги замарам колегите, кој го видел Извештајот сигурно ги заприметил, затоа што во тоа брзање има грешки за кои што сигурно некој треба да одговара. Но, јас би се задржал исто како колегата на она што заначи финансиски план на приходите на собранискиот канал.

Во однос на собранискиот канал имавме голем број на дискусии и на визии кој, како, треба да се развива овој собраниски канал. Стигнавме до ситуација да кажеме дека граѓаните на Република Македонија ќе го добијат тој канал, со тоа што ќе можат да ги пратат седниците, да ги пратат нашите комисии, да го пратат работењето на комисиите и Македонската телевизија во однос на ова предвидуваше уште многу интересни програми во кој што Собранието многу повеќе ќе се доближеше до граѓаните на Република Македонија. Прашањето е сега директно до Владата. Дали Владата воопшто сака да има ваков собраниски канал? Дали воопшто помислува до го има или ова ќе биде уште една причина собранискиот канал да биде укинат, да го нема, затоа што ќе ги нема средствата. А, она што значи техника треба да се направи. Ова што моментално Македноската телевизија го има мислам дека и покрај сите желби на Македонската телевизија директните преноси, дали се тоа од спортски натпревари или од оваа тука сала, или пак од комисиските расправи, мислам се сведува на едно исто.

Многу од граѓаните на Република Македонија воопшто овој експериментален канал не можат ни да го примат. Од друга страна видовме дека тука колеги од позицијата и од опозицијата имаат забелешки од своите места од каде што доаѓаат дека овој експериментален канал воопшто не може ни да се прими на многу места. И сега стигнавме во ситуација се да се сведе на еден единствен канал, затоа што едниот го укинавме и тука се јавува проблем. Како македонска национална телевизија ние сите посакуваме и побаруваме од МРТВ да има добри филмови, да се вршат преноси од олимписки игри, од светски првенства, не знам од каде, но, во секој случај никако да најдеме сила и сето тоа да го поткрепиме финансиски. Мислам дека основниот проблем е во овие три ипол години ние донесовме многу добри програми, донесовме финансиски планови во кои што веќе требаше МРТВ повеќе од 50% да биде опремена со некоја нова опрема дигитално, да се доближи до светските стандарди. Но, за жал од сето тоа или немаме финансиски средства, или немаме желба, затоа што финансиски средства се потрошија за многу други работи и МРТВ останува таква каква што е. И сега јас не би сакал да го цитирам тука мојот колега господинот Шајноски кој на Комисијата за транспорт и врски ги искажа зборовите дека можеби МРТВ во овој момент е најдобро да се приватизира и како таков јавен сервис повеќе да не постои и можеби е предвесник на нешто што со оваа политика што ја водиме може многу брзо и да се случи. Значи, дефинитивно ние нема од што и како да бегаме, затоа што одговорноста во овој случај е наша на пратениците и барањето за реализација на она што тука овој собраниски дом го носи. Таква реализација господа немаме. Значи, Владата не наоѓа ниту сили, не наоѓа ниту средства, изгледа ниту сака ова да го сервисира, но сето тоа ќе беше во ред доколку со Законот за радиодифузија добиевме независни телевизии во Република Македонија кои што ќе можат да бидат прави конкуренти кои што ќе можат да ја информираат македонската јавност реално за она што се случува на овие простори. Но, и во приватните сервиси за жал кај повеќето од нив веќе може да се види дали е тоа политичка припадност или обоеност, или симпатии. И за жал понудената програма во однос на она што значи играни серии, она што значи нивна домашна програма снимена апсолутно ја нема , се се сведува на топ-шоу емисии по два, по три часа со кое што веќе ги замараме граѓаните на Република Македонија и тоа е можеби најинтересното што се случува на тие телевизии, другото се шпански серии кој што може секој приватник да ги земе и да ги емитува кога сака и каде сака. Мислам дека на таков начин не се гради стратегија, не се гради телевизија, треба да ги видиме сите национални сервиси околу нас како функционираат. Ако ова не е стратегија за која што ние како пратеници се

одлучивме, така што да најдеме што е најдобро и да го пресечеме. Дали може вака понатаму МРТВ да умира, затоа што со тие 20% од реализацијата за која што можеби и ние сме како Парламент со донесувањето на законот криви, или пак Владата со ова што сега се случува со социјалните проблеми кои што ги има во државата допринесува да се случува ова некој да не ја плаќа она што е основна давачка во државата. Значи, на овој начин ако Комисијата за транспорт и врски каде што апсолутно политичката припадност не беше никаков проблем да се донесат овие амандмани и беа подржани едногласно и беа предложени до Министерството за финансии и никој не најде доблест на тие амандмани кои што распраравме тука за буџетот каде што министерот не удостои со прифаќање на еден амандман од милион ипол денари, колку да прифател нешто што е предложено од сите вас пратеници тука, без разлика дали доаѓаат од позиција или од опозиција, дојдовме во ситуација во МРТВ апсолутно ништо да не биде прифатено. И сега ние не знам за која стратегија ќе говориме, каде ќе ги најдеме овие средства. Колегата добро кажа, ребаланс на буџетот. Ребалансот на буџетот може да биде во месец јуни. Што до месец јуни? Шест месеци МРТВ треба да живее, или треба да ја прекине програмата. Друга ситуација немаме. Ние не сме обезбедиле никаде во буџетот ниедна алокација на средства кои што се предвидени за МРТВ, затоа што министерот и ние можеби како пратеници и вие како позиција сте одлучиле дека средствата кои што МРТВ ќе ги добие од подобрената наплата ќе бидат доволни да опстојува. Но, јас мислам обратно, дека тоа многу брзо ќе се види дека е промашена работа, дека ќе мора да се најде начин, дали тоа ќе биде повторно ЕСМ, дистрибуцијата која што ќе го реализира сето ова, се разбира со некој поголем надоместок и начинот на кој што дистрибуцијата ќе наплаќа многу повеќе средства од овие што сега се наплаќаат и тоа може да биде единствениот начин, или пак едноставно да се направи фирма која што ќе го прави сето тоа. Но, вака ние ги затворивме и двете врати, значи вратите од буџетот, вратите од наплатата и тука се јавува еден огромен проблем, така што за една национална телевизија толку голема неодговорност и од нас, уште повеќе од Владата, мислам дека не не води никаде. Затоа, господа пратеници овие пет програми кои што се понудени, јас ќе побарам од генералниот директор на МРТВ ова што ни е понудено како втора верзија на 16.12. или да има поправка и преправка на техничките средства, затоа што вака како што е понудено, вие немате цели области и апсолутно ќе биде пропадната ситуација и да го усвоиме. Не знам, колегите ако имаат некој друг текст, јас го имам овој, значи на две места воопшто не постојат средства за она што значи кај вас плата, она што значи техника. И тоа еве ве замолувам, ако тоа постои во однос на првиот план, или прифатете го таков каков што е, или пак на овој начин апсолутно ќе донесеме погрешна одлука. Затоа уште еднаш ве повикувам колеги во однос на сите овие пет точки за Програмата на МРТВ да гласаме за. И мислам дека еднаш овој законодавен дом треба да донесе одлука со која што ќе ја задолжиме Владата на Република Македонија, без разлика кој бил во неа, едноставно она што значи национален сервис да си извршува своите обврски. Ако мислиме дека тоа не е така, тогаш дајте да гласаме и МРТВ да направиме нов закон во тој Закон за радио дифузија што го донесовме и луѓето да си се снаоѓаат сами, можеби ќе биде подобро како приватизиран сервис кој што јас апсолутно не го посакувам, гледајќи што се случува со другите приватни сервиси во Република Македонија. Значи, јас ќе гласам и уште еднаш ве повикувам за преправка на два од овие пет финансиски извештаи кои што ни ги доставивте.

**Љупчо Јордановски:** Има збор генералниот директор на МРТВ Гордана Стошиќ.

**Гордана Стошиќ:** Би сакала веднаш да одговорам на вториот дел од дискусијата. Апсолутно МРТВ има законска обврска да ги емитува овие програмски емисии. Значи, ова не е ултимативно барање на средства. Ние како и досега сите свои законски обврски програмски сме ги исполнувале со квалитет таков каков што можел да биде согласно парите што се имале за создавање програма и техника со која што се располагало. Значи, колку пари ќе бидат одобрени, така ќе се прилагодат програмските шеми и на тој начин ќе се произведува програмата.

Во врска со евентуални технички грешки, не верувам дека се работи за технички грешки. Сакам да потсетам дека според Законот програмските сервиси значи тие самостојно ги подготвуваат овие проекти, самостојно ги доставуваат до вас, одтаму на седницата на Комисијата беа присутни токму одговорните уредници. По првичните забелешки јас можам да ви кажам како е дојдено до промената, двата документа што е сменето. Имаше реакции за преголемата сума што се бара, поединечни од пратеници, поединечни во куќата, од членови и овие програмски сервиси фактички во радиото и во телевизија пристапија кон корекции. Точно е дека некаде нема цели глави кои што се однесуваат, цели делови кои што се однесуваат на купување на програма. Но, се направила проценка дека ќе се оди со реемитувачки капацитет. Значи, со јакнење на она што е онлајн во тој за иселениците, значи само со компјутери и хранење на онлајн сервисот , бидејќи да се пофалиме со нешто, успеавме да постигнеме договори и очекуваме веднаш по Нова година двата сателицки канала да одат онлајн, така да стигне сигналот и во Канада и во Америка. Тоа е дека мораше, пристапија едноставно кон кратење на финансиите потребни што ги барале. Но, дефинитивно почитувани дами и господа колку пари ќе бидат одобрени, така ќе се прилагоди и Програмата и нејзиното производство.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувана директор на МРТВ.

Јас по трет пат за овие три години ќе се јавам за дискусија за МРТВ. Морам да кажам веднаш дека тежиштето на мојата дискусија ќе го сместам во просторот на Собранието и дека не треба да заборавиме дека основач на МРТВ е Собранието на Република Македонија. Значи, нема друг компетентен и одговорен кој што треба да ги разреши проблемите со работата, квалитетот на работата , програмите и сето она што претставува јавниот сервис на МРТВ. Бидејќи сме ние основач Собранието на Република Македонија врз нас лежи и одговорноста за функционирањето на МРТВ, не лежи врз Владата на Република Македонија. Сега тука се поставува едно круцијално прашање, дали Парламентот на Република Македонија е привезок на Владата на Република Македонија и секогаш зависиме од добрата волја на Владата дали ќе одобри пари, или нема да одобри пари. Мислам дека тоа е смешна работа почитувани дами и господа пратеници, ние сме основачи, ние го определуваме целокупниот корпус на прашања, задачи и средства кои што треба Владата како извршна власт на Република Македонија преку буџетот да ги алиментира некаде. И тука треба да имаме, не како што велат некои министри доблест, туку треба да имаме свест дека за Република Македонија јавниот сервис МРТВ, информацијата е заштита на државниот интерес. За приватни телевизии кои што вложуваат 10-тици милиони евра и стануваат помоќни од јавниот сервис МРТВ, информацијата е пари, капитал и таму информацијата е секогаш пристрасна, информацијата е во насока на одредени класи, на одредени групации и со одредени цели. МРТВ токму затоа што е формирана од основачот Собранието на Република Македонија нашата одговорност е до толку поголема и во овие 3 години немавме смелост да си признаеме, јас сум дел од овие 120 основачи тука во овој парламентарен состав и ние мора еднаш да кажеме, вака како што работи Парламентот на Република Македонија навистина е привезок на Владата на Република Македонија и ние само аминуваме тоа што Владата ќе каже. А Владата во случајот на МРТВ страотно греши три години, се упропасти МРТВ, се отпуштаат луѓе, техничкиот сервис, се отпуштаат новинари, заминуваат луѓе, во сите приватни телевизии се најеминетни новинари од МРТВ заминати. Што значи тоа? Тоа значи дека ние како држава сме послаби од еден А-1, од Канал 5 и нормално дека последиците се државниот интерес да не биде заштитен, да бидат заштитени и приватни интереси на групи и групации и класи. Од тука јасно е дека ние ова треба да го подржиме. Меѓутоа, уште повеќе е јасно дека ние треба да донесеме заклучок со кој што ќе кажеме како Собрание, ја задолжувамем Владата да престане да прави катастрофални грешки да ни зборува тука за тези и аксиоми за економски политики и развои, туку да се зафати со целта, да го заштити државниот интерес на Република Македонија во 21-то столетие најголема заштита е преку информацијата. Информацијата е се, таа диктира мислење, таа диктира насоки, таа го поведува младиот човек, или пензионерите, или целокупното граѓанство на Република Македонија кон одредени би рекол постапки кои што можат да бидат во интерес на државата, а можат да бидат и против интерес на државата. Во таа насока не треба да полемизираме. Тука барам подршка од парламентарното мнозинство да се охрабри. Ние како основачи кажавме оваа година декаќе дадеме 400 илјади евра, јас бев како координатор на една пратеничка група заедно со претседателот од тие 400 илјади евра едно евро не дадовме, не смогнавме сила тука да изгласаме информација со која што ќе ја задсолжиме Владата како знае, како умее да ги обезбеди тие 400 илјади евра за да може МРТВ да работи собранискиот канал кој што го формиравме да работи како што треба и луѓето нормално да се запознаваат дека Собранието на Република Македонија е голема работа, дека тоа е Народно собрание, дека тоа Собрание работи во интерес на граѓаните на Република Македонија и рејтингот на Собранието да биде голем, со тоа рејтингот на Република Македонија ќе биде голем. Од тука произлегува мојата заложба овој пат да бидеме, последна година, последна шанса ни е да го поправиме нашето поведение, да ја сватиме суштината на проблемот и кога ќе ги изгласаме овие пет програми, кога ќе се заложиме потоа со изготвување на информација од сите нас, сигурно преку тоа тело кое што работи пред се околу собранискиот канал да истраеме, да бидеме доследни и едноставно да ја задолжиме Владата да постапи како што велиме ние како Собрание бидејќи сме основачи и ако не постапи така да бараме одговорност, која е тогаш улогата на Владата на Република Македонија вон Собранието. Тоа мора да ги извршува налозите, задачите од Парламентарниот дом на Република Македонија. Тука е целата работа. Луѓето во МРТВ, според мене сеуште предничат во струката во еснафот, во делот на информацијата во Република Македонија. Да има дадеме шанса, да ги поткрепиме да ги осовременат своите камери, да ги поправат своите, би рекол, се она што претставува студио, дигитална техника, да направат едукација на тој кадар сега со современите методи на преносот на информациите и во тој правец, тука нема место за дискусија. Ние како Парламентарен дом тука паѓаме на испит, тука покажуваме дека не сме парламентарна демократија, туку сме партиска демократија. Тука нема управување со демократијата, туку владеење со демократијата од страна на извршната власт на Република Македонија. На Македонската радио телевизија паѓаме три години. Ве молам да гласаме за овие програми и во 2006 година да ја задолжиме

Владата да ги обезбеди тие пари, а можеби и уште повеќе пари, колку што ќе оцениме на Собранието, дека се потребни, МРТВ да функционира така како што е потребно, како што функционира Хрватската телевизија, како што функционира Грчката телевизија, Словенечката телевизија, за националниот канал зборувам. Во тој дел особено е важна улогата на каналот во делот на информација на нашите иселеници. Ќе дојде време кога во чекорењето кон Европската унија и кон сите меѓународни асоцијации, поддршката од нашето иселеништво ќе биде од суштествено значење. Таква подршка можеме да добиеме ако ние им презентираме каква држава сме, квалитетот на наштие одлуки, каков Парламент сме и на таков начин ќе можеме да ги собереме плодовите од афирмативната улога на Македонската држава ширум светот, преку нашите иселеници.

Од тие причини ние како Земјоделска Народна партија ќе ги поддржиме сите пет програми. Но, уште еднаш укажува, кога ќе дојде денот да ја браниме информацијата, тогаш ќе се види кој се е за демократија во Република Македонија, тогаш кога нема да се делиме на позиција и опозиција, туку едноставно да и наредиме на Владата да го направи тоа што ние како основачи сме решиле тука во собраниската сала во Република Македонија .

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика за пратеникот Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам претседателе, почитуван колега Ѓорчев.

Се јавив за реплика за да реагирам на вашето тврдење и понижување на Собранието, дека е привезок на Владата.

Собранието на Република Македонија е самостојна институција со висока доверба меѓу граѓаните и затоа како пратеник реагирам на вашата дискусија дека Собранието е привезок на Владата.

Во сите парламентарни демократии, парламентарното мнозинство ја подржува Владата која ја избрала. Тоа е нормално во сите парламентарни демократии. Сега, дека не е така како што вие тврдите е работата на Комисијата за транспорт и врски токму при носењето на Законот за радио дифузија.

Комисијата за транспорт и врски кога подготвуваше амандмани и работната група составена од сите политички партии кои се членови на Комисијата за транспорт и врски , беа предложени амандмани токму за финансиските планови кои денес ги разгледуваме. Тоа е сателитскиот канал, програмите за нашите иселеници и собранискиот канал. Така што финансирањето на овие обврски на Јавниот радио дифузен сервис се дел од измените на тој Закон, токму благодарение на парламентарното мнозинство кое ги изгласа овие амандмани на Комисијата за транспорт и врски, наспроти ставот на Владата дека овие сервиси треба да се финансираат од радио дифузната такса. Така што ова ваше тврдење го сметам за многу тенденциозно, особено водејќи сметка дека наредната година е изборна година и со ваша цел да привлечете повеќе поени на ваша страна.

Ќе ве потсетам, кога расправавме за радиодифузната такса и за состојбите на МРТВ, нивото на наплата на радиодифузната такса беше многу ниско. Вашата партија ВМРО-ДПМНЕ 1998 година, тогаш бевте министер на таа Влада, за да дојде на власт ги повикуваше граѓаните да не плаќаат радиодифузна такса. Тоа е неодговорно политичко однесување. Одговорноста е овде, господине Ѓорчев. Заради таквото ниво на ниска наплата на радиодифузна такса, МРТВ беше доведена во таа ситуација во која е доведена, беше доведена во изминатиот период.

Буџетот на Република Македонија е ограничен со средства. Точно дека при носење на Буџетот треба да се определат приоритети во државата, а телевизијата, морате да признаете дека е многу скапа работа, а информацијата, исто така пак многу важна работа за нас како Собрание и дезинформацијата во некои приватни медиуми кои се пласираа во минатиот период. Во последните истражувања видовме коку е ниско нивото пак во медиумите, од страна на граѓаните на Република Македонија, исто така пак и во политичарите. Затоа често пати знаеме и да манипулираме и да шпекулираме со информации. Меутоа нашата одговорност овде е во сериозното носење на одлуки и финансиски планови, особено од таков карактер како што се овие финансиски планови кои црпат доста средства, а кои пак се од големо значење за јавниот интерес во Република Македонија.

Овде ќе завршам и ќе кажам дека ќе ги поддтржиме финансиските планови на МРТВ.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Ивановска.

Една минута контра реплика пратеникот Марјан Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитувана госпоѓо Ивановска ние сме привезок на Владата во делот на МРТВ, три години. Тоа е факт. Не се изборивме еден денар да дадеме. Секогаш паѓавме на испитот кога треба да ги поддржиме потребните средства од Буџетот на Република Македонија за МРТВ, а ние сме основачи. Тоа е факт. Ние тука можеме да кажуваме што сакаме. Три години не нема никаде да ја задолжиме Владата да даде еден денар за МРТВ. Ова не е политички маркетинг. Тоа се факти. Едно е да донесеме закони, друго е да кажеме, тие закони бараат толку пари, 43 милиони денари и Владата ја задолжуваме да ги најде. Владата секогаш има механизам да ги најде, но ние тоа не сакаме да го направиме. Кога дојде гласањето за пари паѓаме под импресијата на министерот за финансии дека пари нема, а пари има, секогаш има пари кога треба да го заштитиме државниот интерес.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, лично не верував дека некогаш ќе станам и ќе ја бранам Македонската телевизија. Но, времињата се менуваат, се создава една нова клима во свеста на нас пратениците, претпоставувам и кај самата Влада за нешто што е основано од овој Парламент во едно минато време, да не замре туку да продолжи да живее. Ова што беше новороденче веќе е голем маж или во залезот на годините. Ако го донираме ќе имаме фајде од него, ако не го донираме ќе заврши многу неславно. Што сакам да кажам?

Прво сакам да говорам за она што се факти и аргуметни, за МРТВ како национален сервис, а после да понудам и видувања, а сега ни стигнаа и заклучоци од двајца пратенци, не знам дали ги добивте, кон кои апсолутно се приклучувам затоа што сметам дека Македонската телевизија со сите свои мани, за доблести не можам да говорам, мора да продолжи да опстојува како таква, во интерес и на државата, во интерес и на нашите иселеници "привремено", а за мене стално иселени од матичната држава, за да се има еден нормален контакт. Ако можат да опстојуваат телевизии на народи кои немаат сопствена држава, како што е Куртската телевизија, за жал то народ иако е 20 милиониски нема сопствена држава, но затоа има десетина канали кои се емитуваат преку разни сателити за да може куртскиот народ да види што се работи и што е нивни државен интерес.

Што е државен интерес на оваа држава, поаѓајќи од она што денес ни се нуди. Фактички со недавање финансиска поддршка на Македонската телевизија, работите се сведуваат повторно на одредени политички констатации. Впрочем во Македонија се живо се исполитизира, така што и опстојувањето на Македонската телевизија не е далеку од политизацијата, а таа и постои, со тоа што во минатото се елиминирани многу кадри, говорам во вашиот период, тргнати се кадри по разно разни основи. Тие кои не припаѓаат на актуелниот естаблишмент или на владеачката гарнитура, се најдоа на улица, почнувајќи од чистачки, шофери и да не ги набројувам, можам мал број примери да ви дадам и со име и презиме, но не ми е таа целта. Иако критикувам, јас не поддржувам, кажав дека заклучоците понудени од господинот Тромбев и Чедомир Краљевски, ги поддржувам, апсолутно стојам позади нив. Значи постои добра волја ова новороденче, т.е. маж во залезот на годините да остане да живее, да не атрофира, а за тоа требаат пари, иако вашата гледаност е само 19%, според сите анкети, зависни и независни. Значи како телевизија, морам да признам дека сте катастрофа и дека никој не ве гледа затоа што не знаете да оплемените, не знаете да заживеете, немате чувство за менаџмент, не знам што се случува, или немате доволно пари. Дека е партиска е повеќе од очигледно, од месечина може да се види дека функционира како партиска телевизија. Но, не ми е ни тоа поентата.

Со доаѓањето на новите гарнитури, секогаш МРТВ дејствува како партиска инфраструктура на владеачката гарнитура, а тие се менуваат. Не знам, за жал дали сеуште постои Националниот ансамбл при МРТВ, дали постои Синфонискиот оркестар при МРТВ, дали постојат многу тела кои го носат атрибутот нацонално. Се направи една невидена чистка, под директива, тоа е повеќе од јасно, укинат е еден канал, се прават напори да се укине и собранискиот канал кој за обичниот човек значи прозорец кон светот. Со недавање пари значи ќе замре, ќе нема кој да работи. Тука се поставува главното круцијално прашање, зошто Владата, поточно Минситерството за финансии, како носител на кесето, не одвои доволно пари според она што е понудено како Предлог-финансиски план за редовни активности за собранискиот канал за 2006 година. Но, за да биде апсурдот поголем и вие сте од владеачката гарнитура, фактички вие сте експозитура на Владата и на мнозинството на овој Парламент и со промените кои настанаа пред два дена со менувањето на двајца или тројца членови на Управниот одбор. Не ви дадоа пари, не успеавте ли да ги убедите или не знам што е работата. Инаку министерот за финансии е познат по својата шкртост, уште еднаш ќе кажам, божем ги вади парите од сопствениот џеб. Кога се работи за национален интерес не треба да се жалат пари. Јас така ги гледам работите и би се борел до крај доколку би бил на позицијата директор на МРТВ, без страв дали ќе ме разрешат, ултимативно, јас со овие пари можам тоа да го направам, ако не ми дадете пари можам ова да го направам, а оставката ќе ви ја депонирам бланко, кога сакате разрешете ме. Да си го сочувам сопствениот дигнитет, а не некој овде од собраниска клупа од разни приватни медиуми, со омаловажување да се обраќаат кон Македонската телевизија и низ разно разни анкети, да не ги бројам Сител, А1, Канал 5, Телма и тн. нон- стоп говорат за вашата гледаност која никако да се подигне над 20%, што е еден страшен податок за МРТВ која претендира да биде национална телевизија за која кажав дека од национална апсолутно нема ништо и дека се она што се нуди е класична папазјанија. Ништо повеќе. Во право се, кога се прави анализа за гледаноста на МРТВ дека процентот е толку, а можеби уште покатастрофален. Еве лично ќе в кажам, многу ретко, скоро воопшто не ја гледам МРТВ затоа што нема што да понуди, ниту од играната програма, некој од колегите говореше. Освен оние латиноамерикански серии кои се движат низ Балканот како игри лед за време на Римската империја, ни се нудат шпански сапунски опери кои се најефтини, а ги увезува фирмата КАН која на некој начин, претпоставувам, е поврзана со сите приватни, па и со јавниот сервис МРТВ.

Да се вратам на она што е цел на моето излегување овде, а тоа е собранискиот канал.

Јас неслучајно кажав дека тој канал е прозорец кон светот. Имав една таква емисија на Македонското радио во едни минати години каде што се оствaруваше таа комуникација со нашите сонародници. Говорам за периодот на едно минато.

Што е целта на укинување на собранискиот канал, со сите негови мани. Но, вака, овде кога ќе го отворам и ше ја видам програмската шема, иако можам да кажам дека не сум баш добар познавач на оваа проблематика, но ова значи односи со јавноста. Овде во програмската шема, како девет подточки, јасно е кажано која би била улогата на тој собраниски ТВ канал. Два-три пати го прочитав, гледам дека е коректен. Зошто Владата не најде за сходно да даде поткрепа на ваквото решение, повторно не ми е јасно, т.е. мене ми е јасно, но некои мислат дека не ми е јасно. Доаѓаме во период на предизборие. Оваа говорница овде, што е нормално во секој нормален демократски свет, ќе биде и во корист на политички маркетинг, ќе се напаѓа, некогаш и ќе се плука, но тоа е повеќепартиската демократија, на тоа мораме да се навикнеме.

Ако Владата има интенција со тоа или со укинувањето, бидејќи тоа ќе замре ако не се финансира, ако со умирањето на собранискиот канал умре и гласот на опозицијата, многу дебело се излажале. Многу дебело се излажале затоа што вистината, во краен случај никогаш не може да се замолчи, иако ги контролира медиумите, пред се овој јавен сервис наречен МРТВ. Притоа не смее да заборави дека на оваа иста говорница ќе говорат и пратеници и министри од владеачката гарнитура и дека и тие исто така ќе ја користат оваа говорница во сопствено промовирање за она што е направено во последните четири години, т.е. во четиригодишниот мандат на нивното владеење. На говорницата нема да има ексклузивно право само опозицијата. Ќе има право и позицијата, што е нормално, ние сме повеќепартиски Парламент и никој на никого апсолутно нема право да му го одземе зборот. Но, повторно ќе прашам, од каде таквите размислувања дека со престанок на работата на овој телевизиски канал, ќе престане да се слуша и дел од гласот на македонскиот народ и на граѓаните, затоа што и ние претставуваме некои граѓани, како што претставува и денешната позиција, бидејќи утре може да дојде во состојба на опозиција. Работите се менливи. Познавајќи го менталитетот на нашиот народ а и на балканците, по инерција секогаш гласаат против власта. Тоа е некоја чудна работа која се случува во нашиот ментален склоп, но тоа е така и никако поинаку. дали се работи за некој вроден инает, за промашени работи, за лошо работење на актуелната власт, за неумеење, за знаење и тн. Фактите се тие кои ги говорам.

Сакам да нагласам дека ќе се направи страшна грешка до колку не се добие гласот на мнозинството на овие пратеници денес и не се даде поддршка на МРТВ. Зошто? Затоа што нешто што е негувано со години не смееме да дозволиме да замре, затоа што не се работи за жив субјект, но таму работат живи луѓе кои управуваат со таа голема куќа. Не смееме да дозволиме, пред се, од национален интерес, од интерес на демократските процеси во Македонија, од интерес за она утре што не чека, а сме, фала Богу веќе во ходникот на Европската унија, претендираме да влеземе во НАТО и таквите работи во нормалниот демократски свет опстојуваат, а не умираат. Тенденцијата на оваа Влада е тоа што денес го имаме пред нас околу животот на собранискиот канал, имаат сосема други видувања. Претпоставувам дека се политички и дека главната цел е, она што и претходно го говорев, да не се слуша нашиот глас, нашата критика, па на крај и нашата помош која ја даваме по битните прашања кои се од интерес на оваа македонска држава и на граѓаните на Република Македонија. Притоа, никој не смее да заборави дека ние сме политичи опоненти, тоа е факт, тоа ќе останеме, тука нема пардон. Но, кога се работи за национални државни интереси, да не заборавате дека целокупната опозиција секогаш стоела зад Владата на Република Македонија, каква што е таква е, таа е Владата на Република Македонија. Ние гласавме за многу проекти позитивно, ги поддржавме затоа што сметавме дека се пред ссе во интерес на оваа држава и на овој народ. Така го гледам и овој собраниски канал кој е во интерес на оваа држава, на овој народ и на граѓаните на Република Македонија и не смееме да се доведеме ниту да размислуваме дека ваквата работа треба да замре.

Заклучокот од двајца пратеници, едниот припаѓа на позицијата, господинот Тромбев, едниот припаѓа на опозицијата, господинот Краљевски, се состојат од две точки кои се многу јасни, лесно читливи, лесно разбирливи. Застанав зад овој заклучок од една единствена причина затоа што во моментот овие заклучоци се исправното решение за понатамошно опстојување на МРТВ. Сега да беше господинот Поповски овде, вчера и покрај тоа што повеќе пати го прозвавме не најде за сходно да не удостои, да излезе да каже барем два збора, макар и да не исплука. Човечки е, ако некој те праша да му одоговриш. Но знаете како е, министер е, лета во облаци, мисли дека вечно ќе биде, но нема ништо вечно. Се е минливо и менливо, како што е животот. Вечен е само Господ кој не створи и нас.

Да беше тука министерот, ќе речеше, тоа се парите, немаме пари и тн. Но јас ќе кажам една работа.

Овој заклучок што е денеска пред нас, ако го прифати овој Парламент, ќе значи обврзување на оваа Влада да најде средства, да обезбеди средства за функционирање на овој национален сервис, Македонската радио телвизија. Ако ги прочитате двете точки тие се многу јасни, многу едноставни, но во практика значат многу.

Значи, тие луѓе кои таму работат да останат на работа, да нема повотно ристрикции, да нема унесреќени фамилии кои ќе останат без парче леб, притоа ќе значи дека водиме грижа за нашите браќа надвор од оваа држава наречена Република Македонија. Затоа што не смееме да заборавиме, дека колку што не има овде, многу повеќе не има надвор, за жал, тоа е нашата судбина, македонска. Уште дватри народи ја имаат таквата судбина во светот  како нашата, но најверовтно се работи за Божјо писание.

Значи, апсолутно не ме интересира мене, Владата од кај ќе ги најде парите. Во тие милијарда и 700 милијона  Буџет кој е изгласан и со помош на на опозицијата, значи дел од позицијата не беше присутна, па моравме ние да надополниме како резерва за да не пропадне Буџетот и првото тромесечије да имаме времено финансирање, да имаме еден нормален Буџет кој е проектиран за цела година, да најдат пари и средства од каде знаат и умеат, да се доделат, да продолжи да живее  Македонската радио телвизија.  Притоа, превасходно водејќи сметка за собранискиот ТВ Канал кој, повторно ќе ви кажам, значи прозорец кон светот.

Не смее да замре гласот на пратениците кој е и глас на народот, иако можеби некој ќе стане, ќе ме негира, ќе рече па ти зошто говориш во име на народот, го немаш тоа право, а заборавајки при тоа дека 8-9 илјади луѓе гласале и за мене. Тоа не е мала бројка, и верувам дека она што деенска го презентирам, потполно се сложуваат, имаат слични видувања, затоа што гласаа и за политички партии, но гласаа и за личности и политички програми.

Значи, оваа апсурдна ситуација во која денеска сме донесени, ние довчерашните критизери, или како што милуваат да нарекуваат во минатото новинари на Македонската радио телвизија, плукачите од редовите на  опозицијата, денеска даваме подршка. Барем што се однесува до мене, како личност, ќе го дадам гласот за заклучоците што се предложени. Тоа да ви биде јасен сигнал, дека опозицијата размислува многу зрело, многу долгорочно, притоа водејки сметка за интересите на Република Македонија.

А, кои се нејзините витални интереси? Нејзините витални интереси се истите како што се виталните интереси на Бугарската национална телевизија, како што се интересите на Албанската национална телевизија, како што се интересите на Српската и на Грчката национална телевизија. Тоа треба да се интересите на Македонската радио телвизија, на Македонската држава и на овие пратеници кои седат овде, без разлика дали припаѓаат на позиција или опозиција.

Размислувањето во тој правец не само од мене, туку и од други опозициони пратеници ми говори дека не сме тесногради, не сме коњи со амови кои гледаат напред, туку работите ги гледаме со перцепција, малку подолгорочно и преку ѕидови, преку бариерата, го гледаме интересот на државата, интересот на овој народ, интересот на овие граѓани.

Поентата да не се дадат пари, да замре она што е негувано толку години, не знам на кого ќе му служи. Но, да не се доведе во ситуација утре, од позиција на опозиција, зошто работите се менуваат, се се врти, се тече, панта реи да бара она што денеска ние го пропагираме и она што денеска се залагаме. Деншната позиција утре може да биде опозиција па да нема на кого да се обрати. Климата е општопозната, работите се гледаат од авион, дека нешто има друго во државава и дека народот некого ќе санкционира. Кој ќе биде тоа, секој умен и разумен нека размислува. Говорам за она што значи македонски блок политички партии. Во албанскиот блок немам добра перцепција и не би сакал да говорам, но за да работите имаат еден нормален тек и во една друга ситуација во ова Собрание и за да утре денешнава позиција не вели дека е обесправена со тоа што никаде ги нема и никој не ги шмиргла, а Македонската радио телвизија треба да води, би требало да води подеднакво сметка и за пратениците од позицијата и опозицијата, иако многу малце не даваат вака внимателно ако седнете да ги гледате, да ја гледате Македонската  телвизија, ќе видите некоја секвенца од некој пратеник од опозицијата, кажал нешто, или она што е најгадно ќе се извлече, но се остава доволно простор, пример, за некој синдикалец од ССМ, пет минути. Тие работи се општо познати.

Знаеме што значи комуникација со јавност, знаеме што значат маст-медиуми, што значат електронски медиуми. Тука не може никој да ни земе за зло ова што денеска го говориме. Впрочем,не сме мали деца дека Македонската радио телвизија е класична партиска телевизија или телевизија на позицијата.

Но, кажав, за жал, од тие работи мора да се отргнеме. Колку ќе успее некоја идна влада тоа да го направи и да ја професионализира таа Македонската радио телвизија и да биде мајка за сите, а не за едни мајка, а за други маќеа, приватните ги тргам на страна, тие имаат газди кој ги плаќа, припаѓаат на некоја политичка гарнитура, симпатизери се на некоја политичка гарнитура, тука нема што да говориме. Но, за ова Македонската радио телвизија, каде што огромен број на граѓани издвојуваат и преку електричната сметка мора да плаќаат, не знам колку е претплатата, 370 денари, толку ако не се лажам, кога им плаќам имаме право и да говориме и во сопствено име и во име на граѓните на Република Македонија.

Значи, господине, името не ви го ни знам, не е ни битно, ќе ви дадам подршка од причини што ги спомнав, подршка на заклучоците предложени и од позицијата и од опозицијата, иако амандмански, кога се расправаше за Буџетот, имавме амандман каде што требаше да се одвојат средства за Македонската радио телвизија, не помина од минситерот за финансии,

за кого имаме сопствено мисење, впрочем вчера многу интересно се искажа и Претседателот на државата во однос на некои сосотјби, ЕСМ и т.н., говорам за парите каде ќе се стават тие пари. Дали ќе се зголеми во капитални објекти или ќе се чуваат како резерва? Парите ако не се вртат, ако не ги оплеменуваш, тоа е мртов капитал.

Тука ќе завршам, усмено се приклучувам кон заклучоците поднесени од пратениците, Тромбев, Чедомир Краљевски, што во превод значи дека ви давам апсолутна пдоршка на она што денска го имате понудено, што, до колку се држите до ова што е напишано овде, би било добро или да кажам една подобра квалификација би било прекрасно сето ова што го имате напишано ако успеете да го имплементирате, со тоа што претходно ние би ви дале пдоршка со заклучоците што се предложени. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Рафис Алити имате збор,

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател.

Почитувнаи пратеници и госпоѓи пратенички, почитуван заменик директоре на Македонската радио телвизија,

Секако дека ќе беше подобро да биде присутна директорката на таа куќа тука, нашите забелешки што ги имаме во однос на програмската шема ги слушне директно. Меѓутоа, веруваме дека ќе ги земе стенограмите, ќе ги земе предвид забелешките на парламентарната гупа на ДУИ, так ашто пред нас имаме Предлог на финансиски план за редовните активнсоти и инвестиционите активности на телевизискиот и сателитскиот сервис и програмскиот сервис што е наменет за иселениците и за граѓаните на Република Македонија кои живеат во странство за 2006 година.

Ние, како парламентарна група имаме свои забелешки. Во радио и телевизиските програми, наменети за иселениците и граѓаните кои живеат во странство, предвидени се, всушност нашите забелешки не се на Финансискиот план што е пред нас, затоа што е предвидено и како да се реализира оваа програмска шема, нашите забелешки се во однос на програмската шема што ни е понудена нам, на пратениците од страна на оваа куќа. Секако дека сите пратеници и јавноста, на сите им епознато дека го донесовме Законот за радиодифузија, во текот на донесувањето на тој Закон и во програмските шеми е обврска во сателитската програма да има програма на јазикот на етничките заедници кои живеат во Република Македонија. Посебно се нагласува на јазикот на етничката заедница која е над 20%.

Буквално, било во радио програмата, било во програмската шема на телевизијата што се нуди за трансмисирање на сателитската програма за граѓани кои живеат во странство, буквално нема ниту една емисија што е на јазикот на другите етнички заедници.

За да не се стекне впечаток дека ние сме против тоа да се донесе, да се усвои овој Предлог финансиски план на оваа куќа, напротив, свесни сме дека вработените во Македонската радио телвизија не добиваат редовно ниту плата што реално им припаѓа за работата што ја вршат. Но, нашите забелешки, повторно ќе нагласам, се во програмската шема што се нуди.

Се поставува прашањето за нас како пратеници дали, можеби законите што ги донесуваме тука, ќе се земаат вака во предвид од страна и ќе се почитуваат од страна на дирекцијата на Македонската радио телвизија. Што значи, не се почитува Законот, не се спроведува во пракса.

Во разговор со директорката, таа рече дека се предвиденис редства и за програмите на јазиците на другите етнички заедници. Нам ни е јасно дека средства се предвидени, меѓутоа колку од тоа се спроведува, се поставува прашање. За да се имплементира и Законот и средствата што се предвидени на јазиците на другите етнички заедници, конкретно во овој случај на јазикот на Албанската заедница, треба да имаме и програмска Шема каде што се предвидуваат емисии и на албански јазик што ќе се емитуваат на сателитската програма. Токму ова е она што не доведе пред една голема дилема дали да гласаме за овој Финансиск иплан што е предложен од Македонската радио телвизија или да гласаем против.

Ќе завршам со тоа, вака не смее да се продолжи во Република Македонија. Да гласаме закони, а тие да не се почитуваат, да остане само на хартија, затоа што законите се оние што треба да не принудат, независно кого од нас да ја почитуваме реалноста во Република Македонија. И ние еднаш за секогаш треба да разбереме дека Република Македонија е мултиетничка држава. Оваа мултиетничност треба да се преточи и во практиката. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете заменик генерален директор, имате збор.

**Назиф Буши:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во врска со пратеникот Рафис Алити, јас мислам дека менаџерскито тим на Македонската радио телвизија, доследно ќе го спроведува Законот донесен од овие пратеници. Затоа предвидени се средства за сателитска програма и за тој сервис кај што се предвидени и за Албанци и за другите. Мислам дека многу брзо ќе почне да се емитува и на албански и на другите јазици програмата сателитска.

**Љупчо Јордановски:** Затоа овие одлуки треба да ги гласаме, требаат пари. Инаку, постои точно од она купче што постои за све е покриено, бидејќи навистина јавниот сервис треба да го одреди тоа мултикултурно и мултиетничко општество наше.

Господине Рафис Алити, сакате коментар, реплика. Повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател,

Јас го разбирам заменикот директор, но и заменикот директор треба да ја разбере парламентарната група на ДУИ. Ние во ниту еден момент не рековме дека не е ветено, и ние му веруваме на заменикот директор дека се предвидени средства, но за да се остварат тие треба да се отсликаат со програмската шема. Со оваа шема немаме предвидено ниту една емисија на јазикот на другите етнички заедници. Така што за ова јас би побарал десет минуту пауза, за да донесеме став како парламентарна гупа дали ќе го пдоржиме оваа Предлог одлука што доаѓа од Македонската радио телевизија.

**Љупчо Јордановски:** Јас сум поставен да заврши, па ќе дадам после тоа десет минути пауза, пред да почнеме со гласање.

Десет минути пауза бараат, и сите, кога ќе побараат пауза до сега сме давале. Може господинот?

(Пратеникот Рафис Алити бара збор)

И вие ќе зборувате Господине Рафис Алити, ставете ги слушалките.

**Рафис Алити:** Ние сега бараме десет минути пауза. Значи, сега бараме десет минути, сега бараме десет минути пауза.

**Љупчо Јордановски:** Десет минути пауза.

По паузата седницата продолжи во 13,01 часот.

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Господине Ќахил, имате збор.

**Аднан Ќахил:** Не се тука претставниците од МРТВ.

**Љупчо Јодановски:** Не е проблем, зборувајте. Ова е наше прашање.

**Аднан Ќахил:** Точно така.

Сакам да кажам неколку збора во врска со оваа иницијатива. Пред да почнам би сакал да кажам дека ќе ја поддржам оваа иницијатива, бидејќи во суштина е проблем за инвестиција на активности и финансирање на собранискиот канал.

Мислам дека она што го носевме како одлука како основачи на МРТВ добро она што почна да функционира собранискиот канал, бидејќи тој канал директно ги пренесува активностите во рамките на Собранието и од собраниската говорница, но и од комисиите. Затоа треба да се поддржи овој канал.

Не би сакал да се повторувам со она што го кажаа многу од моите соговорници дека е обврска на Сбранието да донесе одлука, а обврска на Владата е да изнајде средства како може и на кој начин ќе ги финансира сите овие активности. Но, морам да потенцирам неколку работи, всушност за тоа земав збор.

МРТВ како јавен сервис на граѓаните треба да ги третира сите граѓани и сите партии особено нашите парламентарни партии, подеднакво. Но, во изминатите 3 години МРТВ имаше апсолутно нееднаков третман кон некои партии во Парламентот.

Морам да потенцирам дека Партијата за движење на турците во Македонија е парламентарна партија, а во изминатите 3 години во делот на претставување, она што е активност на оваа партија и на неговиот пратеник, едноставно има забрана за емитување, забрана за настап во овие собраниски канали т.е. на емисите на турски јазик на МРТВ. Особено со тоа се истакнува радиото, бидејќи радио програмите апсолутно јас и моите активности на мојата партија апсолутно не се застапени никаде. Човекот односно директрот си зема за правот да прави селекција и да пушта емисии, едноставно кого сака. Тоа господа, не може. Ако е ова јавен сервис треба да имаат ист третман сите парламентарни партии. Тоа не е допустливо. Затоа со собранискиот канал на некој начи се компензира ова што МРТВ по закон требаше да го направи, но не го прави. Можете да забележите дека тој дел кој се однесува на турски јазик на телевизија и радио колку е застапена Партијата за движење на турците во Македонија и другите активности и другите невладини и владини сектори кои би требало да бидат подеднакво застапени, но не се застапени. Длабоко треба да се замисли директорката. За овој проблем неколку пати се обратив до неа, таа рече дека ќе земе обврска, жалам што денеска не е тука да ги слушне овие работи, се надевам дека заменик директорот тоа ќе го пренесе и ќе каже. Можете да проверите дека тоа е тоа.Застапеноста на оваа партија е апсолутно на нула. Зошто е тоа направено, зошто се прави, длабоко треба да се замисли раководството на МРТВ. Инаку, сите ваши активности на МРТВ и на телевизискиот и на радио системот ги поддржувам и ќе ги поддржувам. Едноставно, сметам дека финансирањето и ова вие што предлагате активности околу финансирањето на програмите, собранискиот канал, се добри и треба да се поддржат и сите активности кои произлегуваат и кои се во насока на подобрување на квалитетот на емитување на програмите на сите јазици и програмите кои се однесуваат на Република Македонија, треба едноставно да бидат поддржани.

Пак ќе повторам, Партијата за движење на турците во Макеоднија во рамките на коалицијата Земјоделската партија ќе го поддржиме, ќе гласаме за вашиот предлог, но потенцирам дека треба да обрнете внимание во иднина едноставно да не правите селективност во застапување на другите партии и другите начини на размислување во рамките на вашите програмски шеми во рамките на телевизијата во рамките на радиото. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** 3 минути реплика за господинот Хасипи.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе, со оглед на тоа што од оваа говорница во обландирана форма сакаше да се остави впечаток дека некој од политичките

субјекти е привилегиран при претставувањето на програмите на МРТВ, сакам да го искажам следното:

Во контакт со раководителите на редакциите од турска програма и во нивните изјави јавно стои дека претставникот на Партијата за движење на турците често пати бил поканување, но не се одзивал на нивните емисии. Тоа значи дека лично да се одбие покана, а после од оваа говорница да се истакнува дека е некој привилегиран е лицемиерие од прв степен. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:**1 минута за господинот Ќахил.

**Аднан Ќахил:** Господине Хасипи не е лицемерие можат да проверат господата директори колку пати сте застапувани вие, колку пати ние, но јас ќе докажам дека последниот пат кога одбив, а претходно не сум одбивал, од вашиот директор кој вие сте го поставиле добив покана каде пишува до Земјоделската партија на Република Македонија. Тоа би значело господине заменик директор вас да ве покани А1 телевизија, а вие да одите. Дали би оделе? Е, тоа е господа лицемерие, а тоа ќе ви го докажам. Тогаш треба вие да излезете со соопштение и да видите дека е доказ, го имам документот. Бидејќи не ги знаете вистините, видете ја програмската шема колку пати излегол господинот Ќенан Хасипи, изгледа едноставно тоа е приватна своина на господинот Хасипи енд компани во таа програмска шема. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Тромбев, да бидеме пократки.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ќе се потрудам да бидам доста краток. Вообичаено едно вакво прашање како што е МРТВ секогаш да предизвикува емоции кај пратениците, па затоа имаме такви дискусии како што имавме.

Јас би сакал во својство не само на пратеник, туку и на претседател на Комисијата за транспорт, врски и екологија да коментирам некои работи што беа искажани од оваа говорница. Најпрвин би сакал да укажам на моите дискусии што ги имав по повод Предлог-буџетот за 2006 година каде укажав на Предлог-амандманите од Комисијата за транспорт, врски и екологија дека нивното прифаќање значеше прејудицирање на потврдата на овие одлуки. Значи, ние денеска треба да ги разгледаме овие одлуки и, согласно новиот закон за радиодифузна дејност, да ги донесеме одлуките како што следуваат.

Комисијата за транспорт, врски и екологија, разгледувајќи ги овие финансиски планови кои ги достави ЈП "Македонската радио-телевизија" наиде на голем број недоречености и неусогласености во самите финансиски планови.

Од тие причини, затоа што самата Комисија нема експерти за изработка на вакви фиансиски планови, јас и господинот Чедомир Краљевски предложивме еден заклучок кој би сакал да го прочитам:

На Собранието на Република Македонија му препорачуваме да ги задолжи Владата и Јавното претпријатие МРТВ да извршат усогласување и корекција на паричните износи во финансискиот план и одлуката.

Ова е од практични причини затоа што јас бев еден од тие пратеници на кои госпоѓата Гордана Стошиќ укажа дека на реакција на некој од пратениците дел од финансиските планови се корегирани. Точно е тоа, првобитната верзија е севкупната вредност на овие одлуки беше околу 220 милиони, после корекцијата да биде 190 милиони, меѓутоа, не сум убеден дека и тоа е точната сума и вредност која треба да биде за финансирање на овие програмски сервиси кои се наведени во одлуките.

Затоа ги повикувам сите пратеници да ги поддржат овие одлуки со предложениот заклучок кој ви е доставен. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе. Би сакал прво од мое име, но и како претседател на Комисијата за финансирање и буџет која е како комисија најкомпетентна во однос на она што сега ни се нуди на дневен ред, значи да ги разгледаме финансиските планови на МРТВ. Во однос на 5-те точки, во секој сегмент, програма за иселеници, за собраниски канал, сето она што се нуди.

Јас морам да констатирам дека можеби овие планови кои сега треба да ги гласаме на некој начин губат од значење затоа што Буџетот го изгласавме, Буџетот помина, а во Буџетот на Република Македонија, за жал, не се предвидени средства по основ на овие намени и можеби тука настанува еден правен вакуум што ќе се случи доколку Собранието ги усвои овие финансиски планови онака како што ни беа предложени.

Оттука морам да потенцирам, со господинот Томе Тромбев како претседател на Комисијата за транспорт, врски и екологија и јас како претседател на Комисијата за финансирање и буџет и Цветанка Иванова како претседател на Законодавно-правната комисија одржавме една средба со претставниците, го заборавив претседателот на Собранието, да, во присуство на претседателот на Собранието, една средба со Советот за радиодифузија, генералниот директор на МРТВ каде на некој начин ги разгледавме овие финансиски планови и она што значи обврска, согласно Законот за радиодифузија, особено членот 117 и 119 од тој Закон. За сите овие намени кои сега ги разгледуваме како финансиските планови средствата треба да бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија. Тука најкрупното прашање се постави, а и овде пред сите пратеници е тоа дали ние како пратеници, но и граѓаните на Република Македонија навистина сакаме да имаме еден јавен сервис, еден сервис кој ќе дистрибуира програма како што е наведена во овие финансиски планови, програма за иселениците, а

особено би сакал да го потенцирам собранискиот канал.

Не мислам да имам некоја долга дискусија, но најмногу би се задржал на собранискиот канал. Јас мислам дека ние како држава, Собрание, со воведувањето на собранискиот канал навистина отидовме чекор напред пред многу земји кои се членки на Европската унија дури земји кои сега станаа членки на Европската унија, покрај сите оние заложби, покрај сето она прилагодување што го прават во своето законодвство за да станат членки на Европската унија зедоа пример од нас дека таква пракса кај нив не постоела и дека таква пракса ќе воведат. Со еден канал стануваме достапни на граѓаните во сите сегменти што значи собраниски живот. Не само пленарните седници, туку и работата по комисии и се она што се случува во Собранието на Република Македонија.

Паралелно со собранискиот канал морам да го истакнам, а најголема заслуга е на претседателот на Собранието, ние, почитувани колеги, го отворивме Собранието за граѓаните на Република Македонија, отворениот Парламент и се она што граѓаните имаат прилика да го видат преку собранискиот канал. Тоа беше потсрек, па да не ве потсетам на оние дебати кога ние пратениците изигрувавме министри, кога тука беа претставници од сите универзитети во Република Македонија, кога на некој начин можеби низ шега, но се отвори една компликација помеѓу пратениците како лица кои не се недостапни, туку се блиску до граѓаните, можеме да отвориме дебата на разни теми, а сето тоа да го гледаат сите граѓани во Република Македонија кои немале шанса да влезат овде во Собранието.

Мислам дека упативме добар сигнал до граѓаните, граѓаните го прифатија и навикнаа да го гледаат собранискиот канал, навикнаа да ја знаат и да ја почитуваат работата на пратениците, а од друга страна да коментираат дали со пофалба, дали со критика, тие сами ќе оценат.

Значи, ако сакаме да работиме јавно, ако сакаме за нашата работа да имаме и да сносиме одговорност, ние мораме да имаме канал преку кој ќе се обраќаме до граѓаните.

Сега повторно ќе се врати оној истиот проблем. Ако Буџетот не предвидел, ако нашите амандмани особено амандманите од Комисијата за транспорт, врски и екологија не поминаа да се инкорпорираат во Буџетот со оние финансиски средства кои треба да се обезбедат, тогаш ние немаме друг излез освен да ги прифатиме овие финансиски планови со кои би нашле инструмент и начин до Владата како предлагач на Буџетот или Владата како извршна власт треба да обезбеди средства за оваа намена, да седнат, да размислат и да разговараат, нормално со претставниците на јавниот сервис.

Оттука, како претседател на Комисијата за финансирање и буџет заедно со другите колеги ние најдовме некое излезно решение, понудивме заклучоци кои господинот Томе Тромбев ги прочита. Не би сакале да влегуваме во некоја дискусија или во некоја проблематика по она што значи финаниски средства дали овие кои ги бара предлагачот се тие што треба да бидат, дали е тоа некоја премногу оптимистичка верзија, значи да се спуштиме на некое реално тло, да им овозможиме и тие и Владата да имаат слух да се изнајде некој начин, некоја солуција со која овие канали кои се предвидени во овие финансиски планови особено собранискиот канал, да не згасне.

Повторно ќе потенцирам, не станува збор за нас пратениците да бидеме гледани на телевизија заради нас, туку заради граѓаните на Република Македонија да го гледаат Собранието на Република Македонија како нивен претставнички дом, да го чувствуваат така.

Од тие причини почитувани колеги јас во името на пратеничката група на ВМРО-Народна партија ќе искажам став дека ние ќе ги поддржиме овие одлуки и апелирам до вас заради интерес, пред се на граѓаните, да бидеме достапни до нив, да ги изгласаме сите овие 5 одлуки со ред со оние заклучоци кои ние ги предложивме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Алити кажете го вашиот став.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседателе, ние како парламентарна група мислиме не дека имаме право, меѓутоа, бараме и инсистираме да се имплементира законот кој сме го гласале. Овде не треба да има никаква дилема.

Меѓутоа, поради ситуацијата која е во МРТВ, мислам на финансиската ситуација, ние сме свесни дека таа куќа треба да се помогне, вработените треба да се помогнат навистина да им се овозможи да си ја вршат својата работа така како што треба и ние ќе гласаме за овој предлог.

Меѓутоа, и понатаму нагласувам, бараме и инсистираме да се имплементира Законот кој сме го гласале тука. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Претпоставувам дека нема да има расправа затоа што еве се ближи 14,00 часот, ги повикувам пратениците да влезат бидејќи расправата ја направивме по првата точка.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Благодарам.

Ве молам, потивко.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 пратеници гласале, 64 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

Пратениците Томе Тромбев и Чедомир Краљевски поднесоа предлог  на заклучок кој ви е поделен.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 пратеници гласале, 62 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на радио програмите наменети за информирање на иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во странство, за 2006 година.**

Предлогот на одлуката и Финансискиот план и Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија ви е доставен.

Отворам претрес.

Ве молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 66 за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

Пратениците Томе Тромбев и Чедомир Краљевски поднесоа предлог на заклучок кој ви е поделен.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 65 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека предложенот заклучок е усвоен.

**Минуваме на точка 14 - Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на сателитскиот радио програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во странство, за 2006 година.**

Новите текстови на Предлогот на одлуката и Финансискиот план и Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Ве молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 66 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

Пратениците Томе Тромбев и Чедомир Краљевски поднесоа предлог на заклучок кој Ви е поделен.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 66 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека предложенот заклучок е усвоен.

**Минуваме на точка 15 - Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на сателитскиот телевизиски програмски сервис наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во странство, за 2006 година.**

Предлогот на одлуката Финансискиот план и Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Ве молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

Пратениците Томе Тромбев и Чедомир Краљевски поднесоа предлог на заклучок кој Ви е поделен.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 63 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека предложенот заклучок е усвоен.

**Минуваме на точка 16 - Предлог на одлука за одобрување на Финансискиот план на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија за редовни и инвестициони активности на Собранискиот канал во 2006 година.**

Новите текстови на Предлогот на одлуката Финансискиот план и Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Ве молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 68 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката.

Пратениците Томе Тромбев и Чедомир Краљевски поднесоа предлог на заклучок кој Ви е поделен.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 62 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека предложенот заклучок е усвоен.

Почитувани колеги пратеници,

Често се прашувам што е тоа време, бидејќи до ден денес времето е акциона филозофска категорија на која секоја генерација на академици и филозофи се навраќаат на тоа прашање. Не гледам причина дека е тоа нивно ексклузивно право за да и ние обични смртници не размислуваме за прашањето време. Всушност прашањето е, дали сме ние тука поради времето, или времето постои заради нас. Минатото постои во нашите сеќавања, а иднината заради нашите планови и проекции. Но, како и да е измина една година, измина 2005 година, работевме напорно, работевме здружено, работевме за Република Македонија. Резултатите и признанието не изостанаа. 2005 година ќе остане во нашите сеќавања. Времето се оделотвори.

Им благодарам на моите колеги пратеници и службите кои не се штедеа себе си и секако многу, многу благодарам на помошта што ми ја дадовте.

Затоа дозволете ми во свое и ваше име на сите граѓани во Република Македонија да им ги честитам претстојните Новогодишни празници, а на граѓаните во Република Македонија од православна вероисповест да им ги честитам претстојните Божикни празници.

Почитувани пратеници, тука е крајот на работата за денес, но и крајот на работата во оваа година, но и нов почеток.

Уште еднаш, нека ни е среќна 2006 година.

Благодарам.

(Аплауз).

(Седницата прекина со работа во 13,30 часот)